Бр./Nr 12-1584/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

18-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62-та седница, одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1584/1 од 15.04.2021 година, со наводи за незадоволство од спроведување на постапка за извршување, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што во случајот станува збор за повреда на индивидуално право на подносителот и доставената пријава не содржи елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија.

Предметот со број 12-1584/1 од 15.04.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 15.04.2021 година, поднесена е пријава со наводи за незадоволство од спроведување на постапка за извршување и оформен е предмет број 12-1584/1 од 15.04.2021 година. Приложен е Записник од 19.03.2018 година, изготвен од Извршител --------- ------------- именуван за подрачјето на Основните судови ------------------, за продажба на недвижност со усно јавно надавање (*врз основа на членовите 265 од ЗИ ел.весник на РМ 72/2016, продажбата се врши согласно член 175 став 4 од Законот за извршување ел.Весник на РМ (35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 187/13*).

Во конкретниот случај, се работи за продажба на недвижен имот со спроведување на судска пресуда преку извршител и за незадоволство од барање за спроведување на извршување од доверителот ---------- -- ------------------ од -------, засновано на извршна исправа Пресуда од 03.10.2016 година на Основен суд Охрид, против солидарни должници ------------------------------------------------------------------------------------------ ---------- и ------- -------------- од -------, за спроведување на извршување во вредност 4.520.887,00 ден.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во предметниот случај станува збор за повреда на индивидуално право на подносителот на пријавата и дека доставената пријава не содржи елементи кои би претставувале основ за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за овој случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до: Подносителот на пријавата

Изготвил: Ј.Ц.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК